ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

**Дата: 31.01.2014**

# СООПШТЕНИЕ

## Пререгистрација на невработени лица

Согласно одредбите на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (“Службен весник на Република Македонија” број 142/08, 64/09, 156/09, 166/10 , 53/11, 185/2011 , 44/2012 , 15/2013, 91/2013 и 170/2013), **предвидени се определени правила за лицата кои минатата година добиле здравствено осигурување на товар на Буџетот на Република Македонија за себе и своето семејство врз основа на своите пониски примања и за лицата кои прв пат здравствено ќе се осигуруваат по овој основ.**

Со цел да се обезбеди континуитет во здравственото осигурување за овие лица почнувајќи од **03 февруари 2014 (понеделник) заклучно со 31 март 2014 година (понеделник)**, ги повикуваме сите лица кои согласно законот ги исполнуваат условите, да дојдат да се регистрираат**. Оваа обврска се однесува и за сите оние кои се регистрираа во 2013 година, да се пререгистрираат во соодветната подрачна служба на Фондот според местото на живеење.**




**Осигурениците кои треба да се регистрираат/пререгистрираат во подрачната служба на Фондот во Скопје, заради заштеда во време и пари кои ги губат патувајќи до центарот на градот каде е сместена Подрачната служба на ФЗОМ во Скопје, можат да се регистрираат/пререгистрират во задолжителното здравствено осигурување и во истурените шалтери на подрачната служба на ФЗОМ во Скопје сместени во Поликлиниките на Здравствен дом во Ѓорче Петров, Драчево, Чаир, Ченто и во Шуто Оризари. Воедно ги информираме осигурениците од Тетово дека и подрачната служба во Тетово, покрај скопската, ќе работи со продолжено работно време од 7:30 до 18:00 часот.**

**Директорот Мехази упати апел до осигурениците навремено да се осигураат за да се избегнат гужвите и за да не се случи да изгубат некои од правата од здравствено осигурување. Доколку осигуреникот задоцни и еден ден при пререгистрацијата и се направи преки во здравственото осигурување, тогаш одредени права за кое е потребен шестмесечен континуитет во здравствено осигурување, како за ортопедско помагало, нема да може да ги оствари правата на здравствени услуги.**

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

**ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ГИ ПОВИКУВА ЛИЦАТА ОПФАТЕНИ СО ОВОЈ ПОВИК ШТО ПОСКОРО ДА ИЗВРШАТ РЕГИСТРАЦИЈА/ ПРЕРЕГИСТРАЦИЈА ВО ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ.**

Фондот преку својата инфо линија 080033222 и инфо mail info@fzo.org.mk стои на располагање за било какви прашања поврзани со овој Повик.

**Пререгистрацијата ќе продолжи и после 31-ви март 2014 година, но во тој случај лицата ќе имаат прекин во здравственото осигурување (од 1-ви април 2014 година до моментот на нивната регистрација/ пререгистрација во Фондот).**